# З а п и с н и к

**Од 36-та редовна седница  на Советот на општина Василево закажана за 12.03.2024 година вторник во 17, 30 беше презакажана   на 13.03.2024  среда во 19,00 часот**

Советот на општина Василево ја одржа 36-та редовна  седница  на ден 13.03.2024 година (Среда) со почеток во 19,00 часот во просториите на ОО У „Гоце Делчев‘Василево.
Седницата ја свика  и ја водеше Ристо Дељанов претседател на Советот на општина Василево.
На седницата беа присутни сите советници, градоначалникот Славе Андонов, Габриела К. Евтимова представник од општинската администрација, Васе Костадинов представник од ЈПКД „Турија"Василево, Дејан Стојанов директор на ООУ „Гоце Делчев" Василево,Тања Ташева претставник од ООУ „Гоце Делчев" Василево и Марија Костуранова директор на ООУ „ Атанас Нивичански" с. Нова Маала.
Пред да биде предложен дневниот ред  за работа на 36-та седница на Советот на општина Василево беше  отворена расправа по записникот од 35-та седница на Совет одржана на 12.02.2024., немаше забелешки по записникот,беше ставен на гласење од 15присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

За работа на 36-та седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред.

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Завршна сметка на Буџетот на општина Василево за 2023 година;
2. Предлог-програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2024 година;
3. Предлог-програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести и План за на дезинсекција и дератизација во 2024 година спроведување

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 36 седница на Советот на општина Василево за збор се јави Ристо Дељанов претседател на Советот на општина Василево предложи измена и дополнување на дневниот ред уште со(3) три дополнителни точки:

Како прва дополнителна точка од дневниот ред да биде: Завршна сметка на ООУ„ Гоце Делчев"Василево за 2023 година.

Како втора дополнителна точка од дневниот ред да биде: Завршна сметка на ООУ „ Атанас Нивичански" с. Нова Маала.

За збор се јави  славе Андонов градоначалник на општина Василево ;рече дека има направено пропуст од аддминистрацијата како точка на дневен ред треба да биде ставена точката : Завршна сметка за 2023 година на ЈКПД„Турија“Василево,
За збор се јави Ристо Делјанов предложи како трета дополнителна точка од дневниот ред да биде: Завршна сметка за 2023 година на ЈКПД„Турија“Василево и почнувајки од четвртата точка натаму на дневниот ред да бидат точките кој што беа по редослед од дневниот ред.
Советничката Александра Шенова упати критика до претседателот на Советот Ристо Делјанов  рече дека на предходните седници се има договорено освен точките за финансиска помош други дополнителни точки да не се предложуват поготово кога се работи за завршни сметки, материјалите треба навремено да се доставуват за да има доволно време да бидат разгледани, според неа неможе да гласа по точка која што нема доволно време да биде разгледана советниците не се запознаени што се случува во ЈКПД „Турија“не знаат за што ќе гласат.
Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево рече дека ке биде дадено пауза за да има време советниците добро да ја разгледат точката.

Немаше друг пријавено за збор,  предлогот на Ристо Делјанов да се направи надополнување и изменана дневниот ред: како прва дополнителна точка од дневниот ред да биде: Завршна сметка на ООУ„ Гоце Делчев“Василево за 2023 година, беше ставен на гласење од 15присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.
 Вториот предлог на Ристо Делјанов како втора дополнителна точка од дневниот ред да биде: Завршна сметка на ООУ „ Атанас Нивичански“ с. Нова Маала. , беше ставен на гласење од 15присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

 И третиот предлог на Ристо Делјанов како трета дополнителна точка од дневниот ред да биде: Завршна сметка за 2023 година на ЈКПД„Турија“Василево, Василево и почнувајки од четвртата точка натаму на дневниот ред да бидат точките кој што беа по редослед од дневниот ред. беше ставен на гласење од 15присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

Дневнио ред за работа на 36-тата седница на Совет на општина Василево со усвоените предлози задополнувања  на дневниот ред уште со трите  дополнителни точки : Како прва дополнителна точка од дневниот ред да биде: Завршна сметка на ООУ„ Гоце Делчев“Василево за 2023 година.

Како втора дополнителна точка од дневниот ред да биде: Завршна сметка на ООУ „ Атанас Нивичански“ с. Нова Маала.

И како трета дополнителна точка од дневниот ред да биде:  Завршна сметка за 2023 година на ЈКПД„Турија“Василево со усвоените измени на дневниот ред  почнувајки од четвртата точка натаму на дневниот ред да бидат точките кој што беа по редослед од дневниот ре, беше ставен на гласење од 15присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

1.

По отворената расправа по првата дополнителна точка од дневниот ред: Завршна сметка на ООУ„ Гоце Делчев“Василево за 2023 година,никој не се јави за збор, беше ставена на гласење од 15присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

2.

По отворената расправа по втората дополнителна точка точка од дневниот ред: :Завршна сметка на ООУ „ Атанас Нивичански“ с. Нова Маала.; немаше пријавено за збор беше ставена на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

3

По отворената расправа по третата точка дополнителна точка од дневниот ред: Завршна сметка за 2023 година на ЈКПД„Турија“Василево„ образложение даде Васе Костадинов претставник од ЈКПД„Турија“Василево„ рече дека извештајот е усвоен на 26.02.2024 година од страна на Управниот одбор и доставен до советот на општина Василево. ЈКПД„Турија“Василево се бави со организирано собирање на комунален отпад од домаќинствата и правните лица и приклучување на домаќинствата со вода. Исто така има програма околу зимското одржување јавна чистота и улично осветлување. Околу финансискиот дел вкупните приходи за 2023 година изнесуват 20.664.376.оо денари од кој приходи од услуги има 19.083.791.оо денари тука спага приходи од комунален отпад 6.743.811.оо денари, приходи од уредување и одржување 1.271.000.оо денари, приходи од вода 8.770.188.оо денари, приходи од ровокопач 724.281.оо денари. приходи од приклучок на водовод 389.407.оо денари, приходи од улично осветлуванје 598.600.оо денари, приходи од приклучок на канализација 106.779.оо денари, приходи од други услуги 82.694.оо денари, приходи од канализација за одржуванје 163.079.оо денари, приходи од канализација фиксна 233.952.оо денари. додека други вонредни приходи има 1.580.585.оо денари.
Расходите на јавното комунално предпријатие изнесуват 21.582.477.оо денари од кој материјални трошоци 5.222.942.оо денари, бруто плати 10.196.552.оо денари, регрес за годишен одмор 255.000,оо денари, амортизација на основните средства 1.106.381.оо денари, Останати трошоци има 4. 630.507.оо денари од кој трошоци на работници 1000 денари надоместок за смрт на член на семејство 68.307.оо денари од приемнина за заминуванје во пензија 63.742,оо денари, Трошоци за Управен и Надзорен одбор 78.188.оо денари, трошоци за репрезентација 77.732, оо денари, трошоци за членарина кон здруженијата 27.714.оо денари, банкарски услуги 144.824, трошоци по основ договор на дело 2.196.237„ услуги за привремени вработуванја 1.623.065, други услуги 11. 720. Адвокатски и нотарски трошоци 189.325 и трошоци за надзор на контрола и квалитет на вода 125.170.оо денари, додека расходи по основ на камати казни и пенали 171.095 што значи расходите се поголеми од приходите и ЈКП работи со загуба од 918.101.оо денари, данок нема Според направената споредба приходите се намалени за разлика од 2022 година за 2,71% а додека расходите се зголемени за 1.99%. Вкупен број н априклучоци на канализационата мрежа има 311.
Александра Шенова околу загубата на комуналното предпријатие од скоро 1,000 000 денари праша каде е проблемот за загубата колку што знае работниците немаат плата блокирани се молат на УЈП

за да земаат плата, никако да се упорави предпријатието дури на предходната седница беше обеќано ЈКПД „Турија“Василево„ ќе работи со добивка а сега испага дека е во загуба од скоро 1.000.000 денари.
Васе Костадинов рече дека еден од најголемиот проблем се работниците за комунален отпад и бројот на работници за разлика од 2022 година се намалени, во текот на годината трипати беше зголемена дневницата на работниците за комунален отпад тука има скоро 800.000 денари зголемување на трошокот исто се однесува и за горивото, платата во март беше зголемена беше зголемена бруто платата, има најава дека следниот месец пак ке се зголеми, приклучоците се намалени трошковите зголемени вработените за комуналниот отпад имат дневница од 1200 денари и машинистот 1100 денари дневница со дадокот 1330 денари.
Ване Андонов според неговата консултација загубата математички кажано е едноставна сите се свесни дека животниот стандар оди напред секојдневно се се покачува за да го најде Советот решенијето за ЈПКД „Турија“Василево„ да биде профитабилно треба да се погледне во сопствениот двор, неможе да се бара решение за проблем за кој што сите имат дел од тој проблем, лично тој има информација дека советници од актуелниот состав должат од 50 до 60.000 денари на комуналното предпријатие а барат од комуналното предпријатие да работи ефикасно навремено да го собира ѓубрето праша со кое право барат претпријатието да работи профитабилно упати критика до советниците кој шо ги немат подмирено обврските спрема комуналното предпријати да ги подмират, бидејки работниците треба да бидат платени, исто така и горивото треба да биде платено, деловите за дефект на возилата треба да бидат платени, праша како ќе функционира предпријатието кога не се плаќа за собирање на смет треба да се најде ресение советниците да бидат чисти спрема комуналното предпријатие да си ги подмират сите обврските кој што ги имат според него решението е многу едноставно.
Славе Андонов рече дека го подржува советникот Ване Андонов поради тоа предпријатието е во загуба сака да соопшти дека има и многу нешто помистериозно што советниците не може да го видат ќе нагласи само еден пример сега во моментот се вршеше ремонт поправка на најпрвото возило за собирање на комунален смет истото возило е отворено од друг мајстор и има сознанија дека основните работи не се направени а во фактурите на комуналното пишува дека е вршено целосно ремонт се работи за фиктивен ремонт тоа значи кривично дело со што се зголемува трошокот а и загубата на предпријатието, исто така качени се и цените на материјалите, еден од проблемите за таквата состојба на предпријатието е тоа што најевтино наплака за услугите во моментот во регионот по собирање на ѓубрето секаде се движи од 250 до 300 денари, исто така ниска е и цената за приклучок на вода и канализација, исто така сега е покачено и горивото дневницата на работниците е покачена од 700 на 1200 денари, целата држава се соочува со тој проблем сите комунални предпријатија имат недостиг на работници. Треба реално да се согледат работите смета дека треба да се покачат цените да се предложи до советот, сега во моментот има плус еден работник доколку некој одсуствува од работниците да може да го замени другиот се правеше напори и третото возило да се оспособи доколку се расипи да се оклучи резервното возило може да се каже дека тоа се тие трошоци кој што ЈКП е дојдено до оваа состојба.
Александра Шенова рече дека се согласува со излагањето на градоначалникот секој што има долгови без разлика на се советниците треба да си го подмират долгот према комуналното предпријатие што го имат.
Блаже Коцев рече дека деловно и тие како советници ја сносат одговорноста треба да си ги подмират обврските што ги имат спрема комуналното предпријатие лугето плакат 200 денари и пак ѓубрето не е соберено лугето повеќе се револтирани подобро да се покачи цената са собирање на комунален отпад можеби граѓаните потешко ќе го прифатат тоа, тоа е вистината така би било подобро за нив .

Немаше друг пријавено за збор третата точка од дневниот Завршна сметка за 2023 година на ЈКПД„Турија“Василево„ беше ставена на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ н

4

Поради немање кворум за работа Комисијата за финансирање Буџет и локален економски развој не се состана

По отворената расправа по четвртата точка: Завршна сметка на Буџетот на општина Василево за 2023 година; никој не се јави за збор беше ставена на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 8гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

5.

Поради немање кворум за работа Комисијата за Урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина не се состана

По отворената расправа по петата точка од дневниот ред: Предлог-програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2024 година;Немаше пријавено за збор, беше ставена на гласење од 15присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

6.

Поради немање кворум за работа Комисијата за Општествени дејности не се состана:

По отворената расправа по шестата точка од дневниот ред: Предлог-програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести и План за на дезинсекција и дератизација во 2024 година спроведување, никој не се јави за збор, беше ставена на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Ристо Дељанов ја затвори 36- та седница на Советот на општина Василево

Записничар:
Зора Коларова

**Совет на општина Василево**
**Претседател**
**Ристо Дељанов**